# ПОЗДРАВНИ ГОВОР ПРЕДСЕДНИКА МАКЕДОНСКЕ АКАДЕМИЈЕ НАУКА И УМЕТНОСТИ

Почитувани другарки и другари,

Мене ми падна таа чест, а едновремено ми прави посебно задоволство, од името на Македонската Академија на науките и уметностите да ве поздравам и да ги изразам моите искрени желби за успех на овој прв научен собир на класичните филолози. Денес во социјалистичка самоуправна Југославија, кога научната мисла доби широки димензии, кога за нејзиниот развиток се создадоа сѐ повидни материјални и кадровски услови, а општествениот политички систем постави широки претпоставки за брзо темпо во развитокот на научната мисла, нужно се надоврзува и на класичната филологија да ѝ обрнеме поголемо внимание, да отвориме нови патишта за нејзиниот развиток. За ова нема потреба да го убедувам овој собир.

Самиот факт што сте решиле да го организирате овој научен собир доволно ги истакнува потребата и значењето на класичната филологија. Меѓутоа дозволете ми со неколку збора да потсетам на некои моменти што вам ви се познати. Проучувањето на класичните јазици, старогрчкиот и латинскиот, нам ни се нужни ако сакаме да ја разоткриеме културата и културното богатство на нашата земја, преку која минале разни освојувачи и која со столетија била под Римска и Византиска империја. Поради ова нашата земја е богата со многу разноврсни културни споменици од античкиот период пред доаѓањето на Словените, но и со културни споменици создадени по доаѓањето на Словените на Балканот. За проучување на нашите народи е нужно да ги протолкуваме тие бројни културни споменици, да ги откриеме и тие бројни споменици што лежат под земјата како свидетели на една висока материјална култура. Нашата земја толку е богата со разни културни споменици што ни е потребна армија археолози и историчари за нивното откривање и научно анализирање. Знаејќи го овој факт, како императив се поставува да бараме нови патишта за да се сфати потребата за проучување на класичните јазици, а класичната филолгија да го добие своето вистинско место во образованието.

Почитувани другарки и другари, дозволете ми да го искажам своето задоволство на сите нас што вашето списание „Жива Антика“ по својата научна сериозност израсна во списание со светско реноме, па е нужно на овој собир да ја истакнеме заслугата на неговата редакција и неговите соработници и да ги изразиме нашите желби за уште поголеми успеси. Другарки и другари, престо-

јувајќи во Охрид, во овој бисер на убавината што природата го создала, се надевам дека таа убавина и богатото културно наследство ќе ви дадат доволно инспирација за плодотворна работа. Уште еднаш на научниот собир му пожелувам плодна и успешна работа.

*М. Айостолски, Скойје.*

## ПОЗДРАВНИ ГОВОР РЕКТОРА СКОПСКОГ УНИВЕРЗИТЕТА „КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Другарки и другари, драги гости,

Ми причинува особено задоволство што можам да ве поздравам во името на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и да ви пожелам успешна творечка работа на вашиот прв научен собир.

Сигурно претставува посебно задовлоство да се живее денес и постојано и непосредно да се комуницира со она што се вика антика и нејзино наследство, антика, која секогаш мотивирала на нови творечки напори.

Ние што го немаме тоа задоволство да бидеме во таков непосреден допир со антиката, исто така со голем респект се однесуваме кон неа и кон нејзиното наследство, иако само низ сегменти можеме да ги согледаме и следиме резултатите.

Јас, како математичар, не можам да се оттргнам од впечатокот за онаа чудесна историја, нпр. петиот Евклидов постулат, историја постара од две илјади години, низ коишто биле вршени напори да се докаже дека Евклид постулирајќи една вистина, како постулат, како аксиома не бил прав, дека таа вистина може да се извлече како последица од другите вистини и аксиоми и по две илјади годишни напори да се докаже дека Евклид бил прав. Сеедно овие две илјада годишни напори не биле залудни, зашто тие ја збогатиле многу геометријата, сознанието на тие довеле и до нови откритија, коишто излегуваат далеку надвор од сефрата на геометријата.

Враќајќи се од минатото во сегашноста, јас би сакал овде да го изразам задоволството од резултатите што и сега ги постигнуваат нашите научни работници, ангажирани во проучувањето на антиката и нејзиното наследство. Во таа смисла сакам да се придружам кон задоволството, што го искажа председателот на МАНУ и другите за резултатите, постигнати во презентирањето на ан-